

# Упатство за имателите на недвижни културни добра во Охридскиот регион

Светско наследство на УНЕСКО

Декември, 2023

# Содржина

Вовед.....2

Културното наследство во Охридскиот регион - Светско наследство на УНЕСКО.....2

Заштита на недвижното културно наследство.....5

Заштита на недвижното културно наследство во Охридскиот регион.....8

Институционална надлежност за заштита на недвижното културно наследство во Охридскиот регион.....9

Должности и права на имателите на недвижни културни добра во Охридскиот регион.....11

Поимник.....14

Правни прописи кои ги регулираат заштитата и управувањето со недвижното културно наследство во Охридскиот регион.....16

Корисни хиперлинкови.....18

Контакт информации.....19

# Вовед

Ова Упатство има за цел да им помогне на имателите на недвижни културни добра во Охридскиот регион да ги исполнат своите права и обврски, преку обезбедување рамка за следење и имплементација на основните начела за заштита и користење на недвижното културно наследство во овој регион пропишани со Законот за заштита на културното наследство и другите правни прописи кои ја регулираат заштитата на културните вредности.

Упатството е наменето за физичките и правните лица кои поседуваат, користат или одржуваат недвижно културно наследство, како и за оние кои имаат потреба од услуги и совети за нивната заштита и зачувување, вклучително и локалното население, архитектите, конзерваторите, инвеститорите, локалната самоуправа итн.

Вклучувањето на заедницата во зачувувањето, интерпретацијата и презентацијата на културното наследство, подразбира и едукација за значењето на културното наследство, учење на историјата, законските рамки и техниките на заштита (конзервација/реставрација).

Воедно, во насока на исполнување на целите за одржлив равој од Агендата 2030 на Обединетите нации, поконкретно на Целта 11 која се однесува на постигнување на одржливи градови и заедници до 2030 година**,** примената на ова Упатство ќе придонесе кон јакнење на заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот регион, кое е од исклучително значење и важност во светски рамки.

Презентираните насоки во ова Упатство се применливи за недвижните добра прогласени за културно наследство (културно добро) согласно Законот за заштита на културно наследство или се наоѓаат во границите на заштитениот регион и се во насока на зачувување на нивната автентичност и интегритет.

### Специфични цели на ова Упатство се:

- Да обезбеди корисни информации, ресурси и појаснувања за системот на заштита на културното наследство во Охридскиот регион;
- Да ги води имателите на недвижните културни добра низ потребните правни и административни постапки пред да се започне со каква било интервенција врз нив;
- Да ги посочи соодветните методи за одржување и заштита на недвижните културни добра и на тој начин да се идентификуваат приоритетите за преземање конзерваторски/реставраторски работи и интервенции.

# Културното наследство во Охридскиот регион - Светско наследство на УНЕСКО

Охридскиот регион е дом на повеќеслојно и комплексно архитектонско наследство, создавано низ вековите со интеракција и размена помеѓу човекот и природата, а кое има локално, национално и меѓународно значење и вредност. Ова културно наследство со големиот број историски градби го доловува уникатниот визуелен карактер на овој регион,

кој има препознатливи естетски, историски и социјални вредности. Културното наследство во Охридскиот регион бележи долга историја на заштита на неговите вредности и атрибути (својства). Заради исклучителната вредност и, пред сѐ, поради големата концентрација на културни добра, во 1968 година Заводот за заштита на спомениците на културата - Охрид го заштитува Старото градско јадро на Охрид како споменичка целина со посебни мерки на заштита. Десет години подоцна, Општинскиот завод за заштита на спомениците на културата - Охрид го заштитува Охридското природно и културно-историско подрачје поради карактеристичните одлики и природни убавини, геолошки, хидролошки и хидробиолошки, културно-историски и други научни, културни, историски, уметнички, естетски и општествени вредности, за споменик на природата и културата.

Во 1979 година, Охридскиот регион беше впишан на Листата на светско наследство на УНЕСКО како светско природно наследство. Во 1980 година беа впишани и исклучителните културни вредности на регионот, со што тој денес се води како *мешовито светско наследство* - *,,Природно и културно наследство на Охридскиот регион“.*

---

Критериум (i) - културно добро што претставува ремек-дело на човековиот креативен дух.

Критериум (iii) - да поседува единствено или барем извонредно сведоштво за културната традиција на одредена постоечка или исчезната цивилизација.

Критериум (iv) - да претставува извонреден пример на градба, архитектонски или технолошки ансамбл или пејзаж кој ги отсликува значајните епохи на човековата историја.

Критериум (vii) - содржи суперлативни природни феномени или подрачја со исклучителна природна и естетска важност.

---

Критериуми кои ги исполнува *Природното и културното наследство на Охридскиот регион* за впишување на Листата на светско наследство

Листата на светско наследство е утврдена со Конвенцијата на УНЕСКО за заштита на светското природно и културно наследство, меѓународен акт усвоен од Обединетите нации во 1972 година, кој ги дефинира видовите на природно и/или културно наследство кои би можеле да бидат впишани на оваа Листа поради нивната исклучителна универзална вредност за целото човештво.

Во 2019 година со Одлука на Комитетот за светско наследство (Баку, Азербејџан, 43 COM 8B.9) границите на светското *,,Природно и културно наследство на Охридскиот регион“* беа проширени со вклучување на делот од Охридското Езеро кој се наоѓа на територија на Република Албанија со што регионот стана *прекугранично светско наследство*.




Граници на прекуграничното светско наследство - *Природно и културно наследство на Охридскиот регион*

Во рамките на заштитеното подрачје на територијата на нашата држава, опфатени се териториите на три општини - Охрид, Струга и Дебрца, со вкупна површина од 83,350 ха.

Специфичноста на природното опкружување, езерото, пејзажот, богатиот и разновиден биодиверзитет, во хармонија со автентичните вредности на културното наследство, му даваат посебност на целиот регион и го чинат единствен. Карактеристичната архитектура која изобилува со препознатливи и единствени особености и успешното остварување на единството меѓу градовите, населбите, природната околина и езерото го прават овој предел автентичен и заради тоа исклучително вреден.

Како најистакнати репрезенти со архитектонски-урбанистички вредности во границите на доброто се старите историски центри - урбаните јадра на градовите Охрид и Струга, бројните археолошки локалитети, градбите од византискиот, османлискиот, преродбенскиот период и модерната архитектура, руралните средини, крајбрежните населби, како и духовните центри и манастири, надвор од урбаните јадра сплотени со природното опкружување.

| | |
|---|---|
| **Христијански сакрални градби** | **38** на територија на општина Охрид<br>**5** на територија на општина Струга<br>**2** на територија на општина Дебрца |
| **Споменички целини** | **1** на територија на општина Охрид |
| **Староградска архитектура** | **52** на територија на општина Охрид<br>**32** на територија на општина Струга<br>**1** на територија на општина Дебрца |
| **Исламска архитектура** | **11** на територија на општина Охрид<br>**3** на територија на општина Струга |
| **Археолошки локалитети** | **263** евидентирани на териториите на трите општини од кои **21** се заштитени со акт за заштита |

Број на поединечно заштитени недвижни културни добра во Охридскиот регион
**(состојба декември 2023 год.)*

## Заштита на недвижното културно наследство

ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ПРЕТСТАВУВА ИСТРАЖУВАЊЕ, ИДЕНТИФИКАЦИЈА, ВАЛОРИЗАЦИЈА, РЕВАЛОРИЗАЦИЈА, КАТЕГОРИЗАЦИЈА, ПРОГЛАСУВАЊЕ, РЕГИСТРАЦИЈА И ОЗНАЧУВАЊЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, НЕГОВО ЧУВАЊЕ, ПОЧИТУВАЊЕ, НЕГУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ, КОНЗЕРВАЦИЈА, РЕСТАВРАЦИЈА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ДИСЛОКАЦИЈА И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА, КАКО И ПРЕВЕНЦИЈА, НАДЗОР, РЕСТИТУЦИЈА, ПРЕЗЕНТАЦИЈА, ПОПУЛАРИЗАЦИЈА И СЕКОЈ ДРУГ ОБЛИК НА НЕПОСРЕДНО ИЛИ ПОСРЕДНО ЗАЧУВУВАЊЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ШТО СЕ ОСТВАРУВА ВО ЈАВЕН ИНТЕРЕС.

### Што е културно наследство

Културно наследство се материјални и нематеријални добра коишто, како израз или сведоштво на човековото творештво во минатото и сегашноста или како заеднички дела на човекот и природата, поради своите археолошки, етнолошки, историски, уметнички, архитектонски, урбанистички, амбиентални, технички, социолошки и други научни или културни вредности, својства, содржини или функции, имаат културно и историско значење и заради нивната заштита и користење се наоѓаат под правен режим согласно со Законот за заштита на културно наследство и друг закон.

→ **Закон за заштита на културното наследство, член 2**

### Што е недвижно културно наследство

Недвижно културно наследство се материјалните добра со статус на културно наследство подигнати врз земјиште или зависни од него, односно кои не можат да се движат и да се praмеstуваат од едно место на друго без притоа да не се оштети нивната суштина (недвижни добра по природа), како и добра кои по своите физички својства се движни, а од оправдани причини се во состав на некое недвижно добро, како: инсталации,

опрема, украсни елементи и слично, што трајно се поврзани со недвижното добро или трајно служат за негово користење (недвижни добра по намена).

→ **Закон за заштита на културното наследство, член 3**

**Споменици** се поединечни градби, односно дела на архитектурата и на градежништвото или нивни делови и остатоци, вклучувајќи ги елементите и структурите од археолошки карактер, скулпторски, сликарски или дела на применетата уметност и на техничката култура трајно поврзани за одредена средина, натписи, пештерни живеалишта, надгробни споменици, меморијални градби и обележја поврзани со значајни настани и истакнати личности, други поединечни недвижни добра од културно и историско значење, заедно со инсталациите, украсните елементи и другите движни предмети што се трајно споени за самата градба или трајно служат за нејзино искористување.

**Споменички целини** се урбани, рурални и други населби или нивни делови и остатоци, вклучувајќи ја опремата на населбите, земјоделски, индустриски и други стопански комплекси и изолирани или поврзани групи градби коишто со своето единство или вклопеност во пејзажот сочинуваат топографски определена целина.

Споменички целини се сметаат и центрите во кои се наоѓаат значен број на споменици и движно културно наследство, определени како објект на заштита во случај на вооружен судир.

**Културен предел** го чинат посебни делови од пејзажот коишто се истакнуваат како области на специфична интеракција на човекот и природата, односно како делумно изградени и уредени подрачја, култни места, места поврзани со битки или други значајни настани, градишта, некрополи и други археолошки наоѓалишта или места што сведочат за постоењето на човекот во просторот и времето, неговите активности, начин на живеење, обичаи, верувања или посебни традиции.

*Видови недвижно културно наследство според Законот за заштита на културното наследство*

## Зошто треба да го штитиме и зачуваме културното наследство

Културното наследство е темелна вредност на Републиката што се заштитува во секакви околности. Неговата заштита е од јавен интерес и се остварува задолжително на целата нејзина територија.

Градбите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес на Републиката и уживаат посебна заштита.

→ **Устав на Република Северна Македонија, член 56**

Културното наследство се заштитува според неговите вредности, значење и степен на загрозеност, без оглед на времето, местото и начинот на создавањето или кој го создал и во чија сопственост или владение се наоѓа, како и без оглед дали е од световен или религиозен карактер и на која конфесија припаѓа или дали е регистрирано.

Недвижното културно наследство и недвижните добра се заштитуваат заедно со нивната непосредна околина, преку утврдување на контактни зони.

Културното наследство се користи според неговата природа и намена согласно со целите на заштитата. Недвижното културно наследство се користи за активен живот во него и како фактор на одржливиот развој.

→ **Закон за заштита на културното наследство, член 5**

Заради создавање на трајни економски и други општествени услови за опстојување, оживување и функционално користење на недвижното културно наследство, неговата заштита е една од основните цели на просторното и урбанистичкото планирање.

→ **Закон за заштита на културното наследство, Оддел 3 Интегрирана заштита**

## Што е светско наследство

**Светско наследство** е обележје или област со правна заштита од меѓународната Конвенција за заштита на светското природно и културно наследство на Организацијата за образование, наука и култура на Обенитетите нации (УНЕСКО).

ВПИШУВАЊЕТО НА ЛИСТАТА НА СВЕТСКО НАСЛЕДСТВО НА УНЕСКО ПРЕТСТАВУВА ПРИЗНАНИЕ ЗА НАШЕТО КУЛТУРНО И ПРИРОДНО НАСЛЕДСТВО КОЕ Е ПРЕПОЗНАЕНО КАКО ПОСЕБНА ВРЕДНОСТ ЗА ЧОВЕШТВОТО И СО СВОЈАТА УНИВЕРЗАЛНОСТ ГИ НАДМИНУВА НАЦИОНАЛНИТЕ ГРАНИЦИ.

САМО МАЛ БРОЈ НА КУЛТУРНИ И ПРИРОДНИ ДОБРА ОД СВЕТОТ СЕ ПРЕПОЗНАЕНИ ЗА СВОИТЕ НАЈВИСОКИ УНИВЕРЗАЛНИ ВРЕДНОСТИ, ПА ТАКА, ДА СЕ БИДЕ ДЕЛ ОД ЛИСТАТА НА СВЕТСКО НАСЛЕДСТВО Е ГОЛЕМА ПРИВИЛЕГИЈА, НО И ОБВРСКА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТИТЕ.

НА ЛИСТАТА НА СВЕТСКО НАСЛЕДСТВО НА УНЕСКО СЕ НАОЃААТ ВКУПНО 1199 ЗАШТИТЕНИ ДОБРА ОД ЦЕЛИОТ СВЕТ:

**933 КУЛТУРНИ ДОБРА**

**227 ПРИРОДНИ ДОБРА**

**39 МЕШОВИТИ ДОБРА**

**(СОСТОЈБА ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА)*

Со ратификација на Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство на УНЕСКО секоја држава-членка се обврзува да го штити и зачува светското наследство.

Државите-членки на Конвенцијата имаат обврска да го идентификуваат, заштитат, конзервираат, презентираат и пренесат на идните генерации нивното културно и природно наследство, како и да обезбедат функција на наследството во животот на заедниците. Одлуките за какви било предложени дејства треба да обезбедат заштита на исклучителната универзална вредност на светското наследство и други негови вредности. Доколку состојбата на светското наследство се влоши до степен на губење на карактеристиките поради кое било впишано на Листата на светско наследство, Комитетот за светско наследство на УНЕСКО може да одлучи за негово бришење од Листата на светско наследство.

→ **Конвенција за светско наследство на УНЕСКО, членови 4, 5 итн.**

## Заштита на недвижното културно наследство во Охридскиот регион

| |
|---|
| ЗАШТИТАТА НА НЕДВИЖНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН ПОДРАЗБИРА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ИЗВОРНИТЕ ИСТОРИСКИ, УРБАНИСТИЧКО-АРХИТЕКТОНСКИ, АМБИЕНТАЛНИ, УМЕТНИЧКИ И ЕСТЕТСКИ ВРЕДНОСТИ, ПРЕКУ МЕРКИ НА НЕПОСРЕДНА ЗАШТИТА, СО ЦЕЛ ЗАЧУВУВАЊЕ НА НЕГОВАТА ИСКЛУЧИТЕЛНА УНИВЕРЗАЛНА ВРЕДНОСТ. |

Непосредната заштита на недвижното културно наследство во Охридскиот регион е регулирана со:

⇒ Законот за заштита на културното наследство;
⇒ Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење;
⇒ Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион;
⇒ Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион;
⇒ Конвенцијата на УНЕСКО за заштита на светското природно и културно наследство.

Непосредна заштита се работите на конзервација, реставрација, реконструкција, санација, адаптација, превентива и секој друг вид директна интервенција на заштитените добра што се преземаат во јавен интерес.

→ **Закон за заштита на културното наследство, член 11**

! Општи принципи при непосредна заштита на градби со архитектонски и амбиентални вредности:

⇒ На сите конзерваторско-реставраторски работи треба да им претходи истражување и анализи во контекст на опкружувањето со цел идентификување на вредностите на наследството кои треба да се зачуваат;
⇒ За време на интервенциите потребно е да се преземат мерки за непосредна заштита на соседните историски градби;
⇒ Тековното одржување е препорачливо бидејќи ќе ја намали потребата за поопсежни поправки во иднина;
⇒ Сите градби се препознатливи по својата историска припадност. Промените кои можеби се случиле со тек на времето, се доказ за историскиот развој на самото место и тие добиваат на значење сами по себе и треба да се почитуваат придонесите од сите временски периоди;
⇒ Промените треба да имаат историска основа. Промените кои се обидуваат да го вратат стариот изглед или користат разни архитектонски елементи од другите градби треба да се избегнуваат;
⇒ Изворните препознатливи карактеристики на градбите и опкружувањето треба да се сочуваат и доколку е можно да се подобрат. Промените треба да бидат дизајнирани со максимално почитување на историскиот контекст. Треба да се

избегнува отстранување или менување на историските елементи или карактеристики;

⇒ Препознатливите стилски обележја или занаетчиски изработки треба да се третираат внимателно;

⇒ Се препорачува да се поправаат наместо да се менуваат влошените архитектонски карактеристики. Доколку е неопходна замена, новиот материјал треба да биде компатибилен со материјалот што се менува, по состав, боја и текстура. Промените треба да се базираат на точни информации наместо на претпоставки или достапност на различни архитектонски елементи од други градби;

⇒ Постапки кои би го оштетиле градежниот материјал не се прифатливи. Долгорочната заштита треба да биде во рамнотежа со потребите на корисникот, затоа програмата за одржување на градбата би го сочувал и интегритетот на својствата кои ја сочинуваат вредноста на доброто.

Главната цел на наведените принципи е да се задржат архитектонските обележја кои се основа за вреднување и добивање статус на (светско) културно наследство и да се обезбеди економска одржливост, но и конструктивна стабилност на градбите.

Имајќи ја предвид комплексноста и разновидноста на културното наследство во Охридскиот регион, а со цел негова соодветна заштита, одржлив развој и контролирана урбанизација, во Планот за управување со заштитениот регион дефинирани се неколку заштитни зони со специфични услови и мерки за зачувување во однос на градските урбани центри, религиското наследство, археолошките локалитети, селата и крајбрежните населби, и тоа:

**I заштитна зона** се однесува на споменичките целини во Охрид и Струга кои содржат значајни културно-историски градби;
**II заштитна зона** претставува простор кој содржи значајни елементи на историската структура и културно наследство со различен степен на зачуваност и
**III заштитна зона** е простор со поретка концентрација на културно наследство.

→ **План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, 9.2.2. Мерки за заштита на културното наследство во Охридскиот регион**

❗Доколку градбата се наоѓа во границите на старото градско јадро на Охрид и неговата контактна зона, задолжително се имплементираат и одредбите од Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење.

## Институционална надлежност за заштита на недвижното културно наследство во Охридскиот регион

Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, во координација со Управата за заштита на културното наследство (УЗКН) и Министерството за култура на Република Северна Македонија (РСМ) се грижат за состојбата на зачуваност на недвижното културно наследство во Охридскиот регион. Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид и Националниот конзерваторски центар - Скопје се надлежни за

преземање заштитно-конзерваторски мерки за недвижното културно наследство во Охридскиот регион, секој согласно своите надлежности.

За донесување и спроведување на соодветни просторни и урбанистички планови надлежни се единиците на локалната самоуправа на Охрид, Струга и Дебрца, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање, кои од овој аспект учествуваат во интегрираната заштита на културното наследство.

Одговорни за координација на надлежните институции, органи и постапки за различни сегменти од управувањето и заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот регион се Владата на РСМ и Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион (формирана во 2018 година)[1].

→ **План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, 6.1.3.2. Управување со културно наследство**

## Акти кои ги издаваат институциите за заштита на културното наследство

- **Решение за заштитно-конзерваторски услови (ЗКУ)**

По доставено барање од имателот го издава УЗКН, а врз основа на мислење од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид.

→ **Закон за заштита на културното наследство, член 74**

- **Претходно заштитно-конзерваторско одобрение**

По доставено барање од имателот го издава УЗКН, а врз основа на стручна контрола на идејниот (конзерваторски) проект од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид.

→ **Закон за заштита на културното наследство, член 75**

- **Конзерваторско одобрение**

По доставено барање од имателот го издава УЗКН, а врз основа на стручна контрола на основниот (конзерваторски) проект од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид/НУ Национален конзерваторски центар - Скопје.

→ **Закон за заштита на културното наследство, член 87**

- **Конзерваторско мислење (за објекти во контактна зона)**

По доставено барање од имателот го издава НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид.

→ **Закон за заштита на културното наследство, член 75-а**

[1] Надлежностите на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион се дефинирани во член 11 од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион.

# Должности и права на имателите на недвижни културни добра во Охридскиот регион

Одржувањето, чувањето, грижата и преземањето на мерки за заштита на културното наследство е одговорност и должност на имателите и на надлежните заводи и конзерваторски центри за заштита на културното наследството и истите се уредени со Законот за заштита на културното наследство.
Сопствениците и другите иматели на културно наследство се одговорни за одржувањето, чувањето, почитувањето и правилното користење на културното наследство и имаат права и должности утврдени со Законот за заштита на културното наследство и други закони.

Законот за заштита на културното наследство ја дефинира сопственоста, а со тоа и одговорноста на имателот на наследството. Културното наследство може да биде во државна сопственост, во сопственост на единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа културното наследство и во приватна сопственост (физички или правни лица, верски заедници). Културното наследство и добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство што ќе се најде во земја или вода, се смета за државна сопственост.

→ **Закон за заштита на културното наследство, член 10**

**Имател** е сопственикот, носителот на правото на користење и секое друго правно и физичко лице коешто по која и да е правна основа го држи заштитеното добро;

**Право на користење** е стварно право изведено од правото на сопственост на РСМ, односно на единицата на локалната самоуправа врз заштитено добро кое му е дадено во владение на правно лице или физичко лице, со тоа што неговиот носител стекнува право на владение и користење на тоа добро заради заштита како културно наследство, односно заради правна заштита од посегнувањата на трети лица;

**Право на културно наследство** е право на секого, поединечно или групно да ги користи придобивките на културното наследство, да придонесува за негово зачувување и збогатување и да го осознава и почитува сопственото културно наследство и културното наследство на другите.

→ **Закон за заштита на културното наследство, член 11**

Имателите на културно наследство во Охридскиот регион се одговорни за негово одржување, чување, почитување и правилно користење. Доколку имателите не го одржуваат и правилно користат културното наследство, стручните служби за заштита ќе им наложат спроведување на мерките за заштита, како и други мерки утврдени со Законот за заштита на културното наследство и другите правни прописи. Следствено, доколку не се однесуваат соодветно, тие можат да бидат казнети во согласност со Законот за прекршоци и Кривичниот законик.

## Должности на имателите на недвижно културно наследство во Охридскиот регион:

- → Да го чуваат и да го одржуваат заштитеното културно добро и да ги спроведуваат и почитуваат мерките за заштита прошишани со законската регулатива, регулирани од надлежниот Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид. Тоа подразбира, доколку се сака да се прават промени, да се промени столарија, да се доградува или преправа, да се интервенира на фасадите или покривната конструкција, или да се постави реклама, соларен колектор, фотоволтаици, антени и сл., **мора најпрво** да се стапи во контакт со надлежниот Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид со цел информирање дали планираната активност е дозволена или не;
- → Веднаш да го информираат Заводот за заштита на спомениците на култура и Музеј - Охрид за сите правни и физички промени настанати во врска со заштитеното наследство;
- → Да се дозволат научни и стручни истражувања на заштитеното добро, како и непречено спроведување на мерките за заштита;
- → Да се овозможи достапност за јавноста.

### На што немаат право имателите на недвижно културно наследство во Охридскиот регион

- → Да го користат заштитеното наследство за цели кои не се во согласност со самата природа на доброто, неговата намена и значење или на начин што може да доведе до оштетување на недвижното културно наследство и нарушување на неговите вредности;
- → Да уриваат, реновираат, градат и да преземаат било какви активности без претходна согласност и/или одобрение од Заводот за заштита на спомениците на култура и Музеј - Охрид и/или од Управата за заштита на културното наследство;
- → Да преземаат било какви активности врз доброто кои би можеле да ги оштетат заштитените вредности и карактеристики на наследството.

### Што треба да се преземе доколку планираната интервенција врз заштитеното добро може потенцијално да влијае врз исклучителната универзална вредност на светското наследство

За планирани активности од поголем обем во заштитениот регион кои може да имаат потенцијално влијание врз исклучителната универзална вредност на светското наследство, што би резултирало со нарушување на неговиот интегритет и автентичност, потребно е да се изработи студија за Оцена на влијание врз наследството[2] согласно Законот

[2] Оцена на влијание врз наследството се спроведува за проекти/плански документи од областа на енергетиката, индустријата, рударството, инфраструктура, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, земјоделството, шумарството, рибарството, просторното и урбанистичко планирање, објекти за сместување и користење на земјиштето.

за животна средина и насоките содржани во Водичот и прирачникот за оцена на влијание во контекст на светското наследство на УНЕСКО, објавен во 2022 година.

## Права и придобивки на имателите на недвижно културно наследство во Охридскиот регион:

- → Користење на заштитеното добро на начин пропишан со законската регулатива;
- → Стручна помош без надоместок, во обем и вид утврдени со Законот за заштита на културното наследство;
- → Даночни повластици утврдени со Законот за даноците на имот;
- → Можност за финансирање на стручни заштитни конзерваторски интервенции врз заштитеното добро преку Министерството за култура;
- → Атрактивност на имотот заради неговиот статус;
- → Можност за финансиски придобивки од искористувањето на заштитените автентични добра во одржливи економски гранки.

# Поимник

Заштитно-конзерваторски основи е документационата основа за третманот на недвижното културно наследство во просторните и урбанистичките планови.

Заштитно-конзерваторски услови определуваат дејствијата на посегање во интегритетот на заштитеното добро односно заштитеното подрачје кои смеат, односно не смееат да се преземат, кога не е донесен урбанистички план, односно општ акт според закон или во планот нема вградено заштитно-конзерваторски основи.

Конзерваторски проект е проект за конзервација, реставрација, реконструкција, санација, адаптација или други мерки на непосредна заштита на недвижно и движно културно наследство или негов составен дел.

Акт за заштита е решение за привремена заштита, решение за прогласување значајно културно наследство, одлука за прогласување културно наследство од особено значење и одлука за утврдување резервирана археолошка зона.

Заштитено добро е добро за кое е воспоставена заштита на начин утврден со Законот за заштита на културното наследство.

Заштитено подрачје е подрачјето во рамките на утврдените граници на заштитеното добро и неговата контактна зона.

Контактна зона е просторот околу недвижноста што е од значење за зачувување на нејзиниот историски контекст со режим на заштита различен од режимот на заштита на недвижноста, што е предмет на заштита.

Интегрирана заштита е вкупност од мерки на зачувување и активно вклучување на недвижното културно наследство во животот на заедницата како фактор на одржлив општествен развој, особено во областа на планирањето и уредувањето на просторот, инвестиционата изградба, заштитата на животната средина и природа и друго.

Конзервација е постапка и метод на зачувување на заштитеното добро во изворна, односно состојба во која е затекнато, без додавање на елементите што се уништени или недостасуваат.

Реставрација е постапка и метод на автентично обновување на делумно уништено заштитено добро, со додавање на деловите што недостасуваат во форма и изглед што ги имале или со отстранување на несоодветните делови или додатоци.

Реконструкција е постапка и метод на обновување на заштитено добро што во поголем дел е уништено или чии конструктивни и други делови се дотраени.

Ревитализација е постапка и метод на враќање на животот во споменициte и старите градби во состав на спомeничките целини, било со задржување или враќање на првобитната или некоја од поранешните функции, било со давање нова функција која соодветствува со нивната природа и значење и со карактерот на средината во која се наоѓаат.

Санација е постапка и метод на директна интервенција на заштитена градба со која се врши делумна замена или зајакнување на конструктивните елементи на заштитената градба, без да се измени надворешниот изглед на градбата и без да се влијае на безбедноста на соседните објекти.

Интерполација е постапка и метод на поставување на нова градба во стар амбиент во споменичка целина.

Адаптација е менувањена внатрешноста на заштитена градба заради враќање, промена или активирање на одредена функција на градбата во целина или нејзин дел, без менување на конструктивните елементи на градбата и без да се нарушат уметничките и другите слични вредности или содржини на градбата.

Одржување е задржувањена културното наследство во состојба на оптимална целосност и функционалност, со навремено преземање на оперативни мерки и дејствија што програмски се повторуваат.

Чување е систематско надгледување на состојбата на заштитените добра, нивно засолнување, сместување, складирање, амбалажирање и друг облик на згрижување, правилно ракување, физичко и техничко обезбедување од неповикан пристап или неовластена употреба и штетни дејствија од кој било вид и осигурување од ризици на кои тие се или можат да бидат изложени.

Почитување е воздржување од дејствија насочени против заштитените добра, вклучувајќи ја нивната употреба во цели што би можеле да ги изложат на опасност од оштетување и уништување, како и претпазливост при изборот и примената на средствата и методите на заштита.

Листата на светско наследство ги вклучува сите добра кои се со исклучителна универзална вредност, поделени во три категории: природно, културно и мешовито светско наследство.

Исклучителна универзална вредност се оригинални автентични примероци на културното и/или природното наследство кое поседува исклучителни, единствени, извонредни и неповторливи вредности што го надминуваат националното значење за државата и претставуваат заедничка вредност за сегашните и за идните генерации на човештвото во целина. Трајната заштита на ова наследство е од највисоко значење за меѓународната заедница.

Автентичност е степен на присутност/зачуваност на изворните, односно оригиналните, односно примарните облици (форма, концепција, материјали, компоненти,

системи, употеба и функција, традиции и техники, локација и поставеност, како и други внатрешни и надворешни фактори), со кои на веродостоен начин се потврдува исклучителната универзална вредност на природното и културното наследство.

Интегритет е севкупна кохерентност и целовитост на физичките карактеристики и процесите преку кои структурата го добива своето значење, односно недопреност на природното и културното наследство и нивните својства.

## Правни прописи кои ги регулираат заштитата и управувањето со недвижното културно наследство во Охридскиот регион

- ⇒ Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ“ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19);
- ⇒ Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење („Сл. Весник на РМ“ бр. 47/11 и 154/15) доколку градбата се наоѓа во границите на Старото градско јадро на Охрид;
- ⇒ Законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион („Сл. Весник на РМ“ бр. 75/10);
- ⇒ Закон за културата („Сл. Весник на РМ“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18);

Правни прописи кои го регулираат просторниот и урбаниот развој и промената на користење на земјиштето и градењето**:**

- ⇒ Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) – вон сила;
- ⇒ Закон за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20);
- ⇒ Законот за градежно земјиште („Сл. Весник на РМ“ бр. 15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19 и 101/21);
- ⇒ Законот за градење („Сл. Весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 59/11, 13/12, 39/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16 и 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22);
- ⇒ Законот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти („Сл. Весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на РСМ“ бр. 174/21);

!Статусот на мешовито светско наследство, ја наметнува потребата од консултирање и имплементирање на одредбите од законите со кои се регулира и заштитата на животната средина и природата.

Правни прописи кои ги регулираат заштитата и управувањето со природното наследство:

⇒ Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.89/22 и 171/22);

⇒ Законот за заштита на природата („Сл. Весник на РМ“ бр.67/04, 14/06 и 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 , 63/16, 113/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/21);

⇒ Законот за водите („Сл. Весник на РМ“ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/21);

⇒ Законот за прогласување на шумските предели на планината Галичица за национален парк („Сл. Весник на НРМ“ бр. 31/58 и 16/65) и Закон за прогласување на дел од планината Галичица за национален парк („Сл. Весник на РМ“ бр. 171/10);

⇒ Законот за шумите („Сл. Весник на РМ“ бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.274/22);

⇒ Законот за пасишта („Сл. Весник на РМ“ бр. 3/98, 101/00, 89/08, 105/09, 42/10, 116/10, 164/13, 193/15, 215/15 и „Службен весник на РСМ“ бр.110/21).

Клучни стратегиски документи и планови со кои се регулира заштитата и управувањето со културното и природното наследство во Охридскиот регион се:

⇒ План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029);

⇒ Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион (2023-2030);

⇒ Национална стратегија за заштита на природата (2017-2027);

⇒ План за управување со Националниот парк „Галичица“ (2021 - 2030);

⇒ План за интегрирана заштита на Старото градско јадро на Охрид (2016).

Меѓународни конвенции ратификувани од Собранието на РСМ кои ги регулираат меѓународните начела за заштита на културното наследство:

⇒ Конвенција за заштита на културните добра во случај на вооружен судир (Хаг, 1954);

⇒ Конвенција за мерките за забрана и спречување на недозволен увоз, извоз и пренос на сопственост на културните добра (Париз, 1970);

⇒ Конвенција на УНЕСКО за заштита на светското културно и природно наследство (Париз, 1972);

⇒ Рамковна конвенција на Советот на Европа за вредностите на културното наследство за општеството (Фаро, 2005);

⇒ Европска конвенција на Советот на Европа за предел (Фиренца, 2000);

⇒ Ревидирана Европска конвенција на Советот на Европа за заштита на археолошкото наследство (Валета, 1992);

- ⇒ Конвенција на Советот на Европа за заштита на архитектонското наследство во Европа (Гранада, 1985);
- ⇒ Протоколот од Кјото кон Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатските промени (Њујорк, 1997);
- ⇒ Конвенција за заштита на нематеријалното наследство (Париз, 2003).

# Корисни хиперлинкови

## На македонски јазик

План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029)

Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион (2023-2030)

Закон за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство во особено значење (2011)

Закон за изменување и дополнување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство во особено значење (2015)

Легислатива, правилници и обрасци со кои се регулира заштитата на културното наследство

Водич и прирачник за оцена на влијанието во контекст на светското наследство (УНЕСКО, 2022)

Европски начела за квалитет на интервенции финансирани од ЕУ со потенцијално влијание врз културното наследство, ревидирано издание  (ИКОМОС, 2020)

## На англиски јазик

Конвенција на УНЕСКО за заштита на светското културно и природно наследство (1972)

Оперативен водич за имплементација на Конвенцијата на УНЕСКО за заштита на светското природно и културно наследство (2021)

Прирачник за унапредување на нашето наследство 2.0 (2023)

Прирачник со ресурси за управување со светското културно наследство (УНЕСКО, 2013)

## Контакт информации

### Министерство за култура
ул. Ѓуро Ѓаковиќ бр. 61, 1000 Скопје
Веб-страна: www.kultura.gov.mk
Е-адреса: info@kultura.gov.mk
Телефон: (02) 3240 604

### Управа за заштита на културното наследство
ул. Павел Шатев бр. 3, 1000 Скопје
Веб-страна: www.uzkn.gov.mk
Е-адреса: contact@uzkn.gov.mk
Телефон: (02) 5517 700

### НУ Национален конзерваторски центар - Скопје
ул. Јосиф Михајловиќ бр.7, 1000 Скопје
Веб-страна: www.heritage.gov.mk
Е-адреса: contact@heritage.gov.mk
Телефон: (02) 3227 240

### НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид
ул. Боро Шаин бр. 10, 6000 Охрид
Веб-страна: www.muzejohrid.mk
Е-адреса: zimohrid@yahoo.com
Телефон: (046) 262 498

### НУ Музеј „д-р Никола Незлобински“
ул. Боре Хаџиески-Путе 69, 6630 Струга
Веб-страна: www.museumstruga.mk
Е-адреса: info@museumstruga.mk
Телефон: (046) 786 644

### Општина Охрид
ул. Димитар Влахов бр. 57, 6000 Охрид
Веб-страна: www.ohrid.gov.mk
Е-адреса: urbanizam@ohrid.gov.mk
Телефон: (046) 262 492

### Општина Струга
Плоштад “Мајка Тереза” б.б.,6630 Струга
Веб-страна: www.struga.gov.mk
Е-адреса: info@struga.gov.mk
Телефон: (046) 782 015

### Општина Дебрца
с.Белчишта бб, 6344 Дебрца
Веб-страна:www.debrca.gov.mk
Е-адреса: contact@debrca.gov.mk
Телефон: (046) 286 855